Бр./Nr 12-5070/5
15-01-2024 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-а седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-3655/1 од 24.07.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по овој предметен случај.

Предметот со број 12-3655/1 од 24.07.2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата на колегиум одржан на ден 17.07.2019 година донесе заклучок да се отвори предмет, по сопствена иницијатива врз основа на допрен глас во врска со наводи и податоци објавени во електронски медиуми, по однос на над илјада безправно изградени објекти во ____, и тоа во старото ______ ____, ________ _______ и _______ ___ ________.

Во своето тековно постапување по веќе оформениот предмет, заради утврдување на фактичката состојба од страна на Државната комисија беа преземени конкретни мерки, а меѓудругото беше и одржана работна средба на 16.10.2019 година, на која од страната на ДКСК присуствуваа членот на ДКСК кај кого овој предмет е распределен во работа, други членови на ДКСК, раководител и вработени административни службеници во одделението за спречување на корупцијата и општина _____ од другата страна претставувана од тогашниот градоначалинк во придружба со негов правен советник вработен во општината.

На самата работна средба со претставниците на општината првично се пристапи кон запознавање со деталите за отворениот предмет, додека во понатамошниот тек на средбата следуваше отворена дискусија на која што се разговараше за актуелната проблематика, а дискусијата беше исцрпена со релевантни одгвори за сите поставени прашања. Во врска со состојбата за безправно изградените објекти, а и во контекс на барањата на _____, градоначалникот нагласи дека од страна на општината по претходно севкупно согледување

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

биле преземени сите потребни дејствија за да се обезбеди владеење на правото и да се исполнат барањата кои се основен критериум за одржување на статусот за заштитен град под капата на УНЕСКО.

Исто така од страна на градоначалникот беше посочено дека општина _____ засилено работи на воспоставување на градежната дисциплина и во конктекс на тоа биле иcпоставени заклучоци за отстранување на безправно изградените објекти, а истовремено против несовесните градители биле поднесени и соодветни кривилни пријави до соодветното обвинителство. Од страна на градоначалнкот во контекс на овие заложби, беше потенцирано дека бил извршен и ребаланс на буџеотот на општина Охрид за 2019 година, заради обезбедување средства за тендер за јавна набавка на услуга за отстранување на безправно изградените објекти со проекција за 2020 година.

Во врска за актуелниот новоизграден хотел во месноста ________, за кој како што појасни градоначалнкот, биле водени бројни постапки за поништување на издаденото одобрение за градба, така што во тој момент градителот немал правосилно решение и за кој предстоел донесување на одлука од страна на Управниот суд.

По средбата ДКСК одлучи постапувањето по предметот да продолжи, со прибавување на дополнителни информации и документација од други надлежни органи.

По однос на дополнително прибавената документација како и од увидот во истата, ДКСК констатира дека, за конкретните наводи постапено е од други надлежни органи така што за бесправно изградените недвижности кои биле предмет на обвинение донесени се јавно обвинителски одлуки од страна на ОЈО _____, додека за хотелот во Лагадин по претходна наредба на Управниот суд на РСМ од страна на второстепената Комисија при Министерството за транспорт и врски донесена е мериторна одлука, со која што на инвеститорот (сопственикот) му било допуштено да ја продолжи постапката на веќеотпочнатата градба. Воедно, Министерството за животна средина и просторно планирање, како орган надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, постапувајќи врз основа на член 178 од Законот за водите (Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016), има донесено решение за издавање на водостопанска согласност по барање на инвеститорот, со кое што е дефинирана изградбата на објектот.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: П..Б
Одобрил: Г.Т

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**